Постои отсуство кај ромската етничка заедница на претприемачки дух ( корисниците на права преку Агенцијата за вработување се евидентираат само како корисници на тие права без простор за размислување за сопствен ангажман во малиот и средниот бизнис. Експлоатацијата и недоволно платениот труд создаваат дополнителна незаинтересираност).
Ако се земе во предвид раното стапување во брачна и вонбрачна заедница на жената - ромка, раѓањето на повеќе деца почнувајќи од рана возраст, произлегува проблемот на нејзина слаба заинтересираност за вработување и од причини што нема кој да им ги чува децата а капацитетот на Детската градинка е многу мал. Во Декември 2011 бројката на деца кои се на листата на чекање за згрижување изнесува 70. Значи децата на 70 вработени мајки нема кој да ги чува и тие ќе бидат принудени да ја напуштат работата баш од тие причини.

**Здравство**

Во здравството како сегмент, дел од Ромите покажуват одредни специфичности кои се разликуват од генералната национална слика на здраствената состојба која се должи пред се на лошите услови на живеење, недоволното образование, загаденоста на средината во која живеат, лошата искрана и др. Сето тоа ги наложува проблемите и потребите на Ромите во

Делчево кои во главно се однесуват на следното:

- Едукацијата, здравствената свест и упатеноста во однос на можностите што ги нуди системот на здравствената заштита се недоволни;
- Од претходно наведените состојби произлегуват бројни показатели за неповолна здравствена состојба како што се: раното стапување во брак и пократок проектиран животен век, несаканата бременост, недоволната едукација на мајките како и недоволната посетеност на диспанзерот за жени.
- Здравствените институции во Делчево се слабо опремени со современа опрема и апарати за дијагностицирање и третман на пациентите (особено во секундарното здравство). Оваа состојба негативно се одразува и на Ромската попуација и постои голема потреба од итно надминување на овие состојби
- Дефицитарноста на високо образован стручен кадар од редот на Ромите во здравствените институции исто така допринесува за послабата инклузија на Ромите во здраствениот систем и неискористувањето на можностите кои постојат.

**ВИЗИЈА**

**“Делчево да биде современа мултикултурна заедница во која Ромите се активен фактор на општественииот живот и севкупниот развој на градот“**

## 1. СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТИ ПО ОБЛАСТИ НА ДЕЛУВАЊЕ

1. **Промоција на образованието како можност за личен развој и социјална инклузија на Ромите во Делчево;**
2. **Да се зголеми бројот на вработени Роми во општина Делчево;**
3. **Да се подобрат условите за домување на Ромското население во општина Делчево;**
4. **Континуирано подобрување наздравствениот статус на Ромите во Делчево;**

## 5. ПРОБЛЕМИ И ПОТРЕБИ ПО ОБЛАСТИ НА ДЕЛУВАЊЕ

### ***Образование***

Конкретни проблеми и потреби кои се лоцирани во процесот на креирање на оваа програма се:

***ПРЕДУЧИЛИШНО ОБРАЗОВАНИЕ***

1.**Ненавремен и неконтинуиран опфат на ромските деца во прешколско образование поради:**

- Немање на законски основ за задожително претшколско образование (барем една година пред прво одделение)
- Зависност од странски донации, проекти кои се нередовни, повремени и несигурни
- Неповолен социо-економски статуис на Ромската заедница во Делчево

***ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ***

**2. Нееднаков квалитет на знаења (слаб успех/резултати)** поради:

- Неможност на родителите да ја следат и проверуваат работата на децата
- Неправилно организирање на слободното време
- Нередовност во следењето на наставата на децата од Ромската популација
- Немање домашни просторни услови за нормално учење на учениците роми.
- Злоупотреба на детскиот труд.
- Недостаток на самодоверба кај учениците Роми.

**3. Недоволна вклученост на родителите Роми во образовниот процес на**

**нивните деца;**

4. **Осипување** поради:

- Лоша социо-економска состојба.
- Недоволна соработка на релацијата родители - училиште - ученик.
- Образованието за возрасни се јавува како поатрактивен модел.
- Недоволно развиена свест за значењето на образованието кај родителите.
- Став на поедини родители - традиција.
- Незинтересираност на самите деца за образование.

***СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ***

5. **Продолжување на позитивните трeндови на упис во средно образование;**

1. **Стереотипи и предрасуди;**
2. **Незавршување средно образование поради предвремено стапување во брак** (малолетнички бракови)**;**

***ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ***

3. **Недоволен број на завршени средношколци Роми се запишуваат на факултет;**
4. **Прекинување на студирањето или ненавремено завршување на истото;**

## *Вработување*

Конкретни проблеми и потреби кои се лоцирани во процесот на креирање на оваа програма се:

1. **Мал број вработени Роми во Општина Делчево (**вкупен бр. на Роми 650 според Пописот 2002, вработени 171 од кои 21 во институции кои се буџетски корисници и 150 во приватниот сектор , податоците се заклучно Декември 2011 г.**),**
2. **Голем број на неевидентирани невработени Роми. Во АВРМ Делчево евидентирани се само 177 лица : (**НКВ 143 од кои 70 жени**); (**ПКВ 5 сите мажи**); (**КВ 8 сите мажи**); (**ССП 21 од кои 8 жени**).**
3. **Несоодветна и правична застапеност на Роми при вработување кај органите на власта, јавни претпријатиа и др. институции со јавни овластувања(** доволен е податокот што само 21 Роми од кои 14 жени и 7 мажи се вработени институциите **).**
4. **Низок степен на образование како пречка при вработувањето на Ромите(**до крајот на 2011 г. со ССП се стекнале вкупно 19 роми од кои 9 текстилно кожарска струка а 10 со гимназиско образование**).**
5. **Мал број на работни места во Делчево (**во 2012 година планирани се 250 нови вработувања во стопанството а додека во јавниот сектор немаме податок колку има слободни работни места**)**
6. **Недоволен интерес за формализирање на работниот однос на дел од Ромска популација** (причина за тоа е што дел работат на црно и немаат пари да плаќаат придонеси а другиот дел не го формализира работниот однос поради губење на правото на социјална помош**).**
7. **Недоволна информираност на Ромите за можностите за вработување, (**според АВРМ само 8-10 роми се пријавуваат на јавните конкурси за самовработување или за други мерки за субвенционирано вработување**).**
8. **Мал капацитет на Детската градинка „Весели цветови„ за згрижување на децата Роми чии родители се вработени или кои имаат можност да се вработат. (**Капацитетот на детската градинка е 210 деца, каде моментално се згрижени плус 40 деца вон капацитетот а 70 деца се наоѓаат на листата за чекање**).**

## *Домување*

Конкретни проблеми и потреби кои се лоцирани во процесот на креирање на оваа програма се:

1. **Постои потреба од доизградба на улиците Брегалничка, Илинденска, Борис Кидрич, Кузман Јосифовски Питу, Грозданец, Острец и Маршал Тито;**
2. **Дел од улиците каде живее ромско население нема јавно осветлување;**
3. **Живеалиштата за индивидуално домување се изградени со несоодветен материјал;**
4. **Нема доволно локации на општинско земјиште за изградба на колективни и индивидуални станбени објекти;**
5. **Создадени се повеќе мини депонии;**
6. **Незадоволителна наплата на данок на имот како услов за подобрување на**

**квалитетот на живеење;**
7. **Немоќност на граѓаните од Ромска етничка заедница да ги исплатат надомест за комунални услуги кој ЈПКД"Брегалница" како услов за подобрување на квалитетот на живеење;**
8. **Немоќност на граѓаните од Ромска етничка заедница да ги легализираат сопствените живеалишта**;

## *Здравство*

Конкретни проблеми и потреби кои се лоцирани во процесот на креирање на оваа програма се:
1. **Зголемен процент на лица со болести на зависност кај Ромите;**
2. **Недоволен интерес за незадолжителната имунизација;**
3. **Нередовни гинеколошки прегледи;**
4. **Нередовни контроли кај бремените жени Ромки;**
5. **Во Делчево е евидентен недостатокот на современа опрема во јавните здравствени институции;**
6. **Во Делчево не постојат можности и услови за квалитетен третман на пациенти во доменот на секундарното здравство во областите ортопедија и психијатрија;**
7. **Дел од Ромската популација не е во можност да ги покрие тошоците за партиципација;**
8. **Дел од Ромската популација употребува вода за пиење од извори кои не се редовно контролирани;**

# 5. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА ПО ОБЛАСТИ НА ДЕЛУВАЊЕ

## *Образование*

**ПРОГРАМСКА ЦЕЛ 1: Обезбедување на долгорочен и одржлив пристап/решение за целосен опфат на децата роми во претшколско образование на возраст една година пред прво оделение (4.7-5,7)**

***Краткорочна цел 1.1.*** Иницијативи за задолжителен опфат на децата во РМ во прешколките установи кои се на возраст помеѓу 4,7 - 5,7 години;
***Краткорочна цел 1.2.*** Обезбедување на услови и можности за мотивирање на ромските семејства за можностите и придобивките од вклучување на нивните деца во претшколско образование;
***Краткорочна цел 1.3.*** Обезбедување на услови и можности за опфат на минимум 50 % од вкупниот број на ромски деца кои се на возраст од 3.7 до 4. 7 год.
***Краткорочна цел 1.4.*** Подобрување на самодовербата и подигање на свеста за себе и личниот идентитет;
***Краткорочна цел 1.5.*** Подигање на свеста на ромските семејства за значењето на образованието и нивно информирање и едуцирање за начините и методите на вклучување во образовниот процес на нивните деца;

***ПРОГРАМСКА ЦЕЛ 2:*** **Подобрување на успехот и редовноста на учениците Роми во основното образование**

***Краткорочна цел 2.1.*** Израмнување на општиот просек на ромските деца со општиот просекот на училиштето;
***Краткорочна цел 2.2*** *Намалување на бројот на отсуства на учениците во основно образование за 20% на годишно ниво за период 2013-2015г.;*
***Краткорочна цел 2.3.*** Подобрување на самодовербата и подигање на свеста за себе и личниот идентитет;
***Краткорочна цел 2.4.*** Подигање на свеста на ромските семејства за значењето на образованието и нивно информирање и едуцирање за начините и методите на вклучување во образовниот процес на нивните деца;

***ПРОГРАМСКА ЦЕЛ 3:*** **Подобрување на успехот и редовноста на учениците Роми во средното образование**

***Краткорочна цел 3.1.*** Да се задржи 100% -ната опфатеност на учениците Роми во средните училишта секоја година во периодот 2012-2015г;
***Краткорочна цел 3.2.*** Да се спречи предвременото напуштање на средното образование од страна на Ромските ученици;
***Краткорочна цел 3.3.*** Да се намали нередовноста на Ромските ученици во средното образование;
***Краткорочна цел 3.4.*** Да се подобри успехот на Ромските ученици во средното образование;
***Краткорочна цел 3.5.*** Да се обезбеди финасиска подршка на учениците Роми кои покажуваат солидни резултати а се од исклучително сиромашно семејство;

***ПРОГРАМСКА ЦЕЛ 4*** **Информирање и мотивирање на Ромските ученици за упис во високобразовните како и за можностите и придобивките кои следуваат при стекнување со академско образование.**

***Краткорочна цел 4.1.*** Да се информираат и потпомогнат учениците роми со завршено средно образование за можностие и условите за стипендирање по утврдени критериуми од локални и други донатори;
***Краткорочна цел 4.2.*** Обезбедување на локален фонд/стипендија за студенти Роми кои покажуват значајни резултати а не успеале да се здобијат со стипендија од други донатори;
***Краткорочна цел 4.3.*** Континуирано следење на успехот и редовноста на студентиете Роми, посебно на оние кои примаат стипендии;

## ***Вработување***

***ПРОГРАМСКА ЦЕЛ 5*** **Подобрување на ниво на информирање на ромска популација во сферата на вработување;**

***Краткорочна цел 5.1.*** Информирање на Ромска популација преку медиумска презентација и кампања:
***Краткорочна цел 5.2.*** Формирање на локални тимови за информирање, професионална ориентација и посредување при вработување;

***ПРОГРАМСКА ЦЕЛ 6*** **Подигнување на ниво на знаење и вештини на дел од ромска популација за успешно вклопување на пазарот на трудот**;

***Краткорочна цел 6.1.*** Формирање на информативен едукативен бизнис центар;
***Краткорочна цел 6.2.*** Спроведување на програми за обука, преквалификации и доквалификации на 20 Роми (на годишно ниво) за кои работодавецот ќе прима 3.000.оо денари и работникот 4.000.оо.ден месечно;

***ПРОГРАМСКА ЦЕЛ 7*** **Спроведување на соодветна и правична застапеност на Ромите при вработување.**

***Краткорочна цел 7.1.*** Годишно следење на вработување на Ромите во јавна и државна администрација;
***Краткорочна цел 7.2.*** Едукација на населението за можностите за заштита при постоење на дискриминација по етничка основа при вработувањето;

## ***Домување***

***ПРОГРАМСКА ЦЕЛ 8:*** **Урбанизација на Делчево со целосен опфат на населбите: II и III реон и Стар Расадник до крајот на 2015 година;**

***Краткорочна цел 8.1.***. Иницијатива за измена на ДУП за Делчево, урбана единица 3, урбан блок 3.2 и 3.3;

***ПРОГРАМСКА ЦЕЛ 9:*** **Реконструкција и санација на живеалишта во кои живее ромска**

**етничка заедница кои се непогодни за живеење во Делчево за период 2012 - 2015 година;**

***Краткорочна цел 9.2.*** Утврдување на фактичка состојба на терен од страна на стручен тим формиран од страна на Градоначалникот на Општина Делчево до крајот на 2012 година;

***Краткорочна цел 9.2.***. Реконструкција и санација на постоечки домови каде живее ромска етничка заедница за 20% во период 2012 година до 2015 година;

***ПРОГРАМСКА ЦЕЛ 10:*** **Подобрување на комуналната инфраструктура (поставување на водовод, канализација, асфалтирање, поставување на бехатон плочки и поставување на електрична инсталација) за период 2012 - 2015 година;**

***Краткорочна цел 10.1.*** Перманентно расчистување на дивите депонии на локациите Манастирски Ендек, Пустевски Ендек, Грозданац во период 2012 година до 2015 година;

***Краткорочна цел 10.2.*** Реконструкција на 500 метри водоводна мрежа на ул.Острец, 250 метри на водоводна мрежа на ул.Плачковица за период 2012 година до 2015 година, имено замена на азбестни цевки со соодветни;

***Краткорочна цел 10.3.*** Регулација и уредување на 300 метри водотек на Пустевски Ендек на ул.Брегалничка со ГАБИОН систем за период 2012 година до 2015 година;

***Краткорочна цел 10.4.*** Изградба на 150 метри канализациона мрежа на ул.Брегалничка (Пустевски Ендек),150 метри на ул.Илинденска,100 метри на ул.Видое Смилевски Бато, 100 метри на ул.Христијан Тодоровски Карпош,500 метри на ул.Грозданец во период 2012година-2015 година;

***Краткорочна цел 10.5.*** Асфалтирање или поставување на беџатон плочки на 150 метри од ул.Илинденска,150 метри од ул.Брегалничка,100 метри од ул.Видое Смилевски Бато,100 метри од ул.Христијан Тодоровски Карпош и 500 метри од ул.Грозданец во период 2012година -2015 година;

***Краткорочна цел 10.6.*** Обновување и изградба на електроинсталација за оспособување на трафостаниците за обезбедување на доволно количини на електрична енергија на местата каде живеат преставници од ромска етничка заедница за период 2012 година -2015 година;

***ПРОГРАМСКА ЦЕЛ 11 :*** **Обезбедување на 30 живеалишта за ромската етничка заедница за период 2012 - 2015 година;**

***Краткорочна цел 11.1.***. Одредување на локација за колективно домување до крај на 2012 година ;

***Краткорочна цел 11.2.*** Подготовка на техничка документација од страна на Општина Делчево за изградба на колективна станбена зграда до крајот на 2013 година;

***Краткорочна цел 11.3.*** Изградба на колективна станбена зграда до крајот на 2015 година ;

***ПРОГРАМСКА ЦЕЛ 12:*** **Стекнување на право на сопствевност преку легализација на објектите на лицата од Ромската етничка заедница до крај на 2012 година;**

***Краткорочна цел 12.1.***.Информации за водење на постапка за водење на легализација на објекти на лица од Ромска етничка заедница до крај на 2012 година ;

***Краткорочна цел 12.2*** Уплата на пресметка по однапред извршен увид и елаборат до крајот на 2014 година;

***Краткорочна цел 12.3.*** Изготвување на Решение и издавање на Имотен лист за понатамошна постапка до крај на 2015 година;

***Здравство***

***ПРОГРАМСКА ЦЕЛ 13*** **Подобрување на нивото на информираност на Ромската популација во однос на можностите што ги нуди системот на здравствената заштита;**

***Краткорочна цел 13.1.*** Формирање на локални тимови за промоција на можностите што ги нуди системот на зравствената заштита;
***Краткорочна цел 13.2.*** Информирање на Ромската популација за можностите што ги нуди системот на зравствената заштита преку медиумски презентации и кампањи;
***Краткорочна цел 13.3.*** Да се подобри информираноста на жените – Ромки, во однос на нивните права и обврски поврзани со репродуктивното здравје и раното стапување во брак до крајот на 2015 г.;
***Краткорочна цел 13.4.*** Да се подобри информираноста на Ромската популација, во однос на нивните права и обврски поврзани со превенција и имунизација до крајот на 2015 г.;
***Краткорочна цел 13.5.*** Да се подобри информираноста на Ромската популација, во однос на нивните права и обврски поврзани со сексуално преносливи болести и болести на зависност до крајот на 2015 г.;

***ПРОГРАМСКА ЦЕЛ 14*** **Да се поготват иницијативи и проекти за обезбедување на неопходната медицинска опрема за дијагностика и лекување во јавните здравствени институции во Делчево до крајот на 2015г.**

***Краткорочна цел 14.1.*** Формирање на локален тим за подготовка на иницијатива и проекти за обезбедување медицинска опрема за дијагностика и лекување во јавните здравствени институции во Делчево до средината на 2013г.;

***Краткорочна цел 14.2.*** Да се подготви иницијатива и да се достави до Општина Делчево и до Министерство за здравство до крајот на 2013г.
***Краткорочна цел 14.3*** Да се подготват најмалку 3 проекти и да се достават до најмалку 5 можни донатори (Фондации, Амбасади, ЕУ фондови и тн.) и до Министерство за здравство до средината на 2015г.

## 6. МЕРКИ И КЛУЧНИ АКТИВНОСТИ / МОЖНИ ПРОЕКТИ

***Образование***

Клучни мерки и активности во однос на **Обезбедувањето на долгорочен и одржлив**

**пристап/решение за целосен опфат на децата Роми во предшколско образование на возраст една година пред прво оделение (4.7-5,7)** се:

- Иницијативи за задолжителен опфат на децата во РМ во прешколките установи кои се на возраст помеѓу 4,7 - 5,7 години;
- Обезбедување на услови за информирање на Ромските семејства за можностите и придобивките од вклучување на нивните деца во претшколско образование и мотивирање истите да се вклучат;
- Обезбедување на услови и можности за опфат на минимум 50 % од вкупниот број на ромски деца кои се на возраст од 3.7 до 4. 7 год.
- Мерки за подобрување на самодовербата и подигање на свеста за себе и личниот идентитет на децата Роми ;
- Активности за подигање на свеста на Ромските семејства за значењето на образованието;
- Активности за информирање и едуцирање на Ромските семејства за начините и методите на вклучување во образовниот процес на нивните деца;

За да се **подобри успехот и редовноста на учениците Роми во основното образование** ќе се работи на:

- Израмнување на општиот просек на ромските деца со општиот просекот на училиштето;
- Подобрување на самодовербата и подигање на свеста за себе и личниот идентитет;
- Подигање на свеста на ромските семејства за значењето на образованието и нивно информирање и едуцирање за начините и методите на вклучување во образовниот процес на нивните деца;

За да се **подобри успехот и редовноста на учениците Роми во средното образование** потребно е да се превземат мерки како што се **едукација, информирање и мотивација** на учениците и семејствата за:

- Континуитет во целосната опфатеност на учениците Роми во средните училишта секоја година во периодот 2012-2015г;
- Превенција на предвременото напуштање на учениците Роми во средните училишта во периодот 2012-2015г
- Намалување на нередовноста на учениците Роми во средните училишта во периодот 2012-2015г
- Подобар успех на учениците Роми во средните училишта во периодот 2012-2015г
- Обезбедување финасиска подршка на учениците Роми кои покажуваат солидни резултати а се од исклучително сиромашни семејства;

За остварување на целта **Мотивирање на Ромските ученици за упис во високобразовните устаниви како и за можностите и придобивките кои следуваат при стекнување со академско образование** планирани мерки се:

- Информирање на учениците Роми со завршено средно образование за можностите и условите за стипендирање по утврдени критериуми од локални и други донатори;
- Обезбедување на локален фонд/стипендија за студенти Роми кои покажуват значајни резултати а не успеале да се здобијат со стипендија од други донатори;
- Континуирано следење на успехот и редовноста на студентиете Роми, ипосебно на оние кои промаат стипендии;
- Промоција на успеси и позитивните примери во Ромската заедница;

***Вработување***

За остварување на целта **Подобрување на нивото на информираност на Ромската популација во сферата на вработување** планирани мерки се:

- Формирање на локални тимови за информирање, професионална ориентација и посредување при вработување;
- Информирање на Ромска популација преку медиумска презентација и кампања:

За остварување на целта **Подигнување на ниво на знаење и вештини на дел од ромска популација за успешно вклопување на пазарот на трудот** планирани мерки се:

- Формирање на информативен едукативен бизнис центар;
- Спроведување на програми за обука, преквалификации и доквалификации на 20 Роми (на годишно ниво) за кои работодавецот ќе прима 3.000.оо денари и работникот 4.000.оо.ден месечно;

За остварување на целта **Спроведување на соодветна и правична застапеност на Ромите при вработување** планирани мерки се:

- Годишно следење на вработување на Ромите во јавна и државна администрација;
- Едукација на населението за можностите за заштита при постоење на дискриминација по етничка основа при вработувањето;

## ***Домување***

За да се започне и спроведе **Урбанизација на Делчево со целосен опфат на населбите: II и III реон и Стар Расадник до крајот на 2015 година** потребно е да се поднесе:

- Иницијатива за измена на ДУП за Делчево за урбана единица 3, урбан блок 3.2 и 3.3;

За остварување на целта **Реконструкција и санација на живеалишта во кои живее ромска етничка заедница кои се непогодни за живеење во Делчево за период 2012 - 2015 година** планирани мерки се:

- Утврдување на фактичка состојба на терен од страна на стручен тим формиран од страна на Градоначалникот на Општина Делчево до крајот на 2012 година;
- Реконструкција и санација на постоечки домови каде живее Ромската етничка заедница за 20% во период 2012 година до 2015 година;

За остварување на целта **Подобрување на комуналната инфраструктура преку поставување на водовод, канализација, асфалтирање, поставување на бехатон плочки и поставување на електрична инсталација во периодот 2012 - 2015 година** планирани мерки се:

- Перманентно расчистување на дивите депонии на локациите Манастирски Ендек, Пустевски Ендек, Грозданац во период 2012 година до 2015 година ;
- Реконструкција на 500 метри водоводна мрежа на ул.Острец, 250 метри на водоводна мрежа на ул.Плачковица за период 2012 година до 2015 година, односно замена на азбестни цевки со соодветни;
- Регулација и уредување на 300 метри водотек на Пустевски Ендек на ул.Брегалничка со ГАБИОН систем за период 2012 година до 2015 година;
- Изградба на 150 метри канализациона мрежа на ул.Брегалничка (Пустевски Ендек),150 метри на ул.Илинденска,100 метри на ул.Видое Смилевски Бато, 100 метри на ул.Христијан Тодоровски Карпош, 500 метри на ул.Грозданец во период 2012година-2015 година;
- Асфалтирање или поставување на беџатон плочки на 150 метри од ул.Илинденска,150 метри од ул.Брегалничка,100 метри од ул.Видое Смилевски Бато,100 метри од ул.Христијан Тодоровски Карпош и 500 метри од ул.Грозданец во период 2012 година -2015 година;
- Обновување и изградба на електроинсталација за оспособување на трафостаниците за обезбедување на доволно количини на електрична енергија на местата каде живеат преставници од ромска етничка заедница за период 2012 година -2015 година;

За **Обезбедување на 30 живеалишта за Ромската етничка заедница во Делчево во периодот 2012 - 2015 година** ќе се:

- Одреди локација зграда за колективно домување до крај на 2012 година;
- Подготви техничка документација од страна на Општина Делчево за изградба на колективна станбена зграда до крајот на 2013 година;
- Изгради колективна станбена зграда до крајот на 2015 година;

За остварување на целта **Стекнување на право на сопственост преку легализација на на објектите на лицата од Ромската етничка заедница до крај на 2012 година** планирани

мерки се:

- Утврдување на точен број на поднесоци согласно законската регулатива за легализација на објектите кои се сопственост на лицата од Ромската етничка заедница до крај на 2012 година;
- Информирање на Ромската заедница процесите и законската регулатива поврзани со водење на постапка за легализација на објектите кои се во нивна сопственост до крај на 2012 година;
- Уплата на пресметка по однапред извршен увид и елаборат до крајот на 2014 година;
- Изготвување на Решенија и издавање на Имотни листови до крај на 2015 година;

***Здравство***

За остварување на целта **Подобрување на ниво на информирање на Ромската популација во однос на можностите што ги нуди системот на здравствената заштита** планирани мерки се:

- Формирање на локални тимови за промоција на можностите што ги нуди системот на зравствената заштита;
- Медиумски презентации и кампањи за информирање на Ромската популација за можностите што ги нуди системот на зравствената заштита;
- Информативни и едукативни Презентации, Работилници, Семинари за подобрување на информираноста на жените – Ромки, во однос на нивните права и обврски поврзани со репродуктивното здравје и раното стапување во брак до крајот на 2015 г.;
- Информативни и едукативни Презентации, Работилници, Семинари за подобрување на информираноста на Ромската популација, во однос на нивните права и обврски поврзани со превенција и имунизација до крајот на 2015 г.;
- Информативни и едукативни Презентации, Работилници, Семинари за подобрување на информираноста на Ромската популација, во однос на нивните права и обврски поврзани со сексуално преносливи болести и болести на зависност до крајот на 2015 г.;

За остварување на целта **Да се поготват иницијативи и проекти за обезбедување на неопходната медицинска опрема за дијагностика и лекување во јавните здравствени институции во Делчево до крајот на 2015г.** планирани мерки се:

- Формирање на локален тим за подготовка на иницијатива и проекти за обезбедување медицинска опрема за дијагностика и лекување во јавните здравствени институции во Делчево до средината на 2013г.;
- Подготка на иницијатива и доставување на истата до Општина Делчево и до Министерство за здравство до крајот на 2013г.
- Подготвка на најмалку 1 проект на годишно ниво (вкупно најмалку 3 до крајот на 2015г.) и да се достават до најмалку 5 можни донатори (Фондации, Амбасади, ЕУ фондови и тн.) и до Министерство за здравство.

## 7. ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ И ИНДИКАТОРИ

***Образование***

Очекувани резултати и показатели во однос на **Обезбедувањето на долгорочен и одржлив пристап/решение за целосен опфат на децата Роми во предшколско образование на возраст една година пред прво оделение (4.7-5,7)** се:

- Подготвени и поднесени иницијативи за задолжителен опфат на децата во РМ во прешколките установи кои се на возраст помеѓу 4,7 - 5,7 години;
- Обезбедени услови и информирани најмалку 2/3 од Ромските семејства за можностите и придобивките од вклучување на нивните деца во претшколско образование и мотивирање истите да се вклучат;
- Обезбедени услови и создадени можности за опфат на минимум 50 % од вкупниот број на Ромски деца кои се на возраст од 3.7 до 4.7 год. Во предучилишни установи;
- Подобрена самодоверба и самосвеста за себе како и личниот и колективниот идентитет на децата Роми ;

- Подобрена информираност на Ромските семејства за значењето на образованието;
- Најмалку 2/3 од Ромските семејства ќе бидати информирани и едуцирани за начините и методите на вклучување на нивните деца во образовниот процес;

Очекувани резултати и показатели во однос на целта **Подобрување на успехот и редовноста на учениците Роми во основното образование се:**

- Подобрен успехот на децата Роми кои учат во основнте училишта;
- Општиот просек на децата Роми израмнет со општиот просекот на училиштето;
- Подобрена самодоверба и самосвеста за себе како и личниот и колективниот идентитет на учениците Роми ;
- Подобрена информираност на Ромските семејства за значењето на образованието;
- Најмалку 2/3 од Ромските семејства ќе бидати информирани и едуцирани за начините и методите на вклучување на нивните деца во образовниот процес;

Очекувани резултати и показатели во однос на целта **Подобрување на успехот и редовноста на учениците Роми во средното образование** се:

- Задржана 100% -ната опфатеност и обезбеден континуитет во опфатеноста на учениците Роми во средните училишта, секоја година, во периодот 2012-2015г;
- Намалено, со тенденција на елиминација, предвременото напуштање на учениците Роми на средните училишта во периодот 2012-2015г
- Подобрена редовноста на учениците Роми во средните училишта во периодот 2012-2015г
- Подобрен успехот на учениците Роми во средните училишта во периодот 2012-2015г
- Обезбедена финасиска подршка за дел од учениците Роми кои покажуваат солидни резултати а се од исклучително сиромашни семејства;
- Број на ученици кои добиле стипендија;

Очекувани резултати и показатели во однос на **Мотивирањето на Ромските ученици за упис во високобразовните установи како и за можностите и придобивките кои следуваат при стекнување со академско образование** се:

- Информирани со завршено средно образование за можностите и условите за стипендирање по утврдени критериуми од локални и други донатори;
- Поддржани учениците Роми во обезбедување на стипендија;
- Број на ученици Роми кои добиле локална или екстерна стипендија;
- Обезбеден локален фонд/стипендија за најмалку 1 студент Ром кој постигнал значајни резултати а не успеал да се здобије со стипендија од други донатори;
- Обезбедена директна поддршка на стипендираните студенти за време на студирањето;

***<u>Вработување</u>***

Очекувани резултати и показатели во однос на **Подобрување на ниво на информирање на Ромската популација во сферата на вработување** се:

- Формирани локални тимови за информирање, професионална ориентација и посредување при вработување;
- Број на формирани тимови;
- Имплементирани медиумска презентација и кампања:
- Ромска популација ќе биде подобро информирана за мерките на Владата на Р.М. за вработување и самовработување;
- Ромска популација ќе биде подобро информирана за постоечките можности за вработување и самовработување;

Очекувани резултати и показатели во однос на целта **Подигнување на ниво на знаење и вештини на дел од ромска популација за успешно вклопување на пазарот на трудот** се:

- Формиран информативен едукативен бизнис центар;
- Креирани и спроведени програми за обука, преквалификации и доквалификации на 20 Роми на годишно ниво, за кои работодавецот ќе прима 3.000.оо денари и работникот 4.000.оо.ден месечно;
- Број на креирани програми;

- Број на спроведени програми;
- Број на вклучени Роми во програмите;

Очекувани резултати и показатели во однос на целта **Спроведување на соодветна и правична застапеност на Ромите при вработување** се:

- Континуиран мониторинг на динамиката на вработување на Ромите во јавна и државна администрација;
- Спроведена едукација на населението за можностите за заштита при постоење на дискриминација по етничка основа при вработувањето;
- Намален степен на дискриминација при вработување на Ромите во Делчево;

## ***Домување***

Очекувани резултати и показатели во однос на целта **Урбанизација на Делчево со целосен опфат на населбите: II и III реон и Стар Расадник до крајот на 2015 година** се:

- Подготвена и поднесена иницијатива за измена на ДУП за Делчево за урбана единица 3, урбан блок 3.2 и 3.3;

Очекувани резултати и показатели во однос на целта **Реконструкција и санација на живеалишта во кои живее ромска етничка заедница кои се непогодни за живеење во Делчево за период 2012 - 2015 година** се:

- Формиран стручен тим од страна на Градоначалникот на Општина Делчево до крајот на 2012 година;
- Утврдена фактичката состојба на терен;
- Реконструирании санирани 20% постоечки домови каде живее Ромска етничка заедница во период 2012 година до 2015 година;

Очекувани резултати и показатели во однос на целта **Подобрување на комуналната инфраструктура (поставување на водовод, канализација, асфалтирање, поставување на бехатон плочки и поставување на електрична инсталација) за период 2012 - 2015 година** се:

- Елиминирање на дивите депонии на локациите Манастирски Ендек, Пустевски Ендек, Грозданац во периодот 2012 година до 2015 година;
- Реконструирани 500 метри водоводна мрежа на ул.Острец, 250 метри на водоводна мрежа на ул.Плачковица во периодот 2012 година до 2015 година, имено замена на азбестни цевки со соодветни;
- Регулиран и уреден 300 метри од водотекот на Пустевски Ендек на ул.Брегалничка со ГАБИОН систем за период 2012 година до 2015 година;
- Изградени 150 метри канализациона мрежа на ул.Брегалничка (Пустевски Ендек), 150 метри на ул.Илинденска,100 метри на ул.Видое Смилевски Бато, 100 метри на ул.Христијан Тодоровски Карпош и 500 метри на ул.Грозданец во периодот 2012година-2015 година;
- Асфалтирани или поставени со бехатон плочки 150 метри од ул.Илинденска, 150 метри од ул.Брегалничка, 100 метри од ул.Видое Смилевски Бато, 100 метри од ул.Христијан Тодоровски Карпош и 500 метри од ул.Грозданец во периодот 2012година -2015 година;
- Обновена и изградена електроинсталација за оспособување на трафостаниците за обезбедување на доволно количини на електрична енергија на местата каде живеат преставници од Ромска етничка заедница во периодот 2012 година -2015 година;

Очекувани резултати и показатели во однос на целта **Обезбедување на 30 живеалишта за ромската етничка заедница за период 2012 - 2015 година** се:

- Одредена локација за изградба на зграда за колективно домување до крај на 2012 година;
- Подготовена техничка документација од страна на Општина Делчево за изградба на колективна станбена зграда до крајот на 2013 година;
- Изградена 1 зграда за колективно домување до крајот на 2015 година;

Очекувани резултати и показатели во однос на целта **Стекнување на право на сопственост преку легализација на своите објекти во период 2012-2015 година** се:

- Утврден број на поднесоци согласно законската регулатива за легализација на објекти во сопственост на лицата од Ромската етничка заедница до крај на 2012 година;
- Собрани, селектирани и дистибуирани информациите за водење на постапка за легализација на објекти во сопственост на лицата од Ромската етничка заедница до крај на 2012 година;
- Извршени уплати на пресметки по однапред извршени увиди и елаборати до крајот на 2014 година;
- Изготвувени и доставени Решенија и Имотни листови за понатамошна постапка до крај на 2015 година;

## ***Здравство***

За остварување на целта **Подобрување на ниво на информирање на Ромската популација во однос на можностите што ги нуди системот на здравствената заштита** планирани мерки се:

- Формирани најмалку 2 локални тимови за промоција на можностите што ги нуди системот на зравствената заштита;
- Организирани најмалку 2 Медиумски презентации и 1 кампања на годишно ниво во периодот 2013 – 2015г. за информирање на Ромската популација за можностите што ги нуди системот на зравствената заштита;
- Организирани најмалку 2 информативни или едукативни Презентации, Работилници или Семинари на годишно ниво во периодот 2013 – 2015г.за подобрување на информираноста на жените – Ромки, во однос на нивните права и обврски поврзани со репродуктивното здравје и раното стапување во брак;
- Организирани најмалку 2 информативни или едукативни Презентации, Работилници, Семинари на годишно ниво во периодот 2013 – 2015г.за подобрување на информираноста на Ромската популација, во однос на нивните права и обврски поврзани со превенција и имунизација;
- Организирани најмалку 2 информативни или едукативни Презентации, Работилници, Семинари на годишно ниво во периодот 2013 – 2015г за подобрување на информираноста на Ромската популација, во однос на нивните права и обврски поврзани со сексуално преносливи болести и болести на зависност;

За остварување на целта **Да се поготват иницијативи и проекти за обезбедување на неопходната медицинска опрема за дијагностика и лекување во јавните здравствени институции во Делчево до крајот на 2015г.** планирани мерки се:

- Формиран локален тим за подготовка на иницијатива и проекти за обезбедување медицинска опрема за дијагностика и лекување во јавните здравствени институции во Делчево до средината на 2013г.;
- Подготвена и доставена иницијатива до Општина Делчево и до Министерство за здравство до крајот на 2013г.
- Подготвени и доставени вкупно најмалку 3 проекти до крајот на 2015г. (најмалку по 1 проект на годишно ниво)
- Проектите да бидат доставени до најмалку 5 можни донатори (Фондации, Амбасади, ЕУ фондови и тн.) и до Министерство за здравство.
- Вкупен број на подготвени проекти;
- Вкуен број на подготвени проектина годишно ниво;
- Вкупен број наподнесени апликации;
- Обезбедена најприоритетната и неопходна опрема за дијагностика и лекување во јавните здравствени институции во Делчево до крајот на 2015г.

## 7. БУЏЕТ

За спроведување на оваа програма вкупната потребна сума е _______________ денари.

За спроведување на активностите на оваа програма за 2012 година планираниот буџет е ____________ денари, за 2013 година е _______________ денари, за 2014 година е _______________ денари и за 2015 година изнесува ____________________ денари .

Дел од овие средства ќе биде обезбеден од МТСП, МОН и МЗ а дел преку финансиска поддршка од ЕЛС а дел од други извори преку спонзорства и донации.

Буџетот на програмава претставува отворена финансиска конструкција.

**БУЏЕТ /ТАБЕЛА/**

| | | ИЗВОРИ | | |
|---|---|---|---|---|
| **Трошоци по година** | **Вкупно** | **ЕЛС** | **Влада на Р.М.** | **ДРУГИ** |
| **2012** | | | | |
| **2013** | | | | |
| **2014** | | | | |
| **2015** | | | | |
| **ВКУПНО** | | | | |

***Пресметката на буџетот е направена во денари при тековен курс на 1 евро од 61,80 денари***

## *8. МЕРКИ ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА*

1. Општината се грижи за овозможување на услови за имплементација и воспоставување на механизми за следење на напредокот на овој Локален Акционен План.

2. За таа цел, може да се организираат комисии, механизми на партнерство и/или работни групи во соработка со други органи на јавната администрација, како и со активни граѓански здруженија.

3. Со сето ова ќе се осигури дека се дискутираат, утврдуваат и буџетираат приоритетни активности од ЛАП и истите навреме се вклучуваат во Годишната програма на општината.

4. Заради постигнување на позитивни резултати и висок степен на ефективност и ефикасност во имплементацијата на ЛАП, општината назначува Лице за контакт кое во исто време е одговорно за менаџирањето со истиот. Примарната улога на лицето за контакт за ЛАП ќе биде да ја поттикнува имплементацијата на ЛАП.

5. Задачи на лицето за контакт се:

- Собирање информации за имплементацијата на ЛАП и поднесување годишен извештај до Советот на општината;
- Контакт лицето ќе биде врска меѓу општината и потенцијалните засегнати страни како што се: органи и агенции на централната власт, образовни институции, НВОи, донатори и др.).
- Контакт лицето ќе одговара на нивни барања за конкретни или општи аспекти на ЛАП и ќе се грижи тие да ги добиваат информациите и поддршката кои им се потребни за да имплементираат активности кои се вклучени во ЛАП.
- Контакт лицето ќе ја организира соработката за прашања поврзани со имплементацијата на ЛАП со други вклучени институции / имплементатори и граѓански организации.
- По налог на Советот на општината или на Градоначалникот, извршувањето на некои од овие задачи може да се делегира на други засегнати страни под услови и за имплементација кои се спомената претходно.

6. Лице за контакт во Општина Делчево за овој Локален Акционен План е:

________________________

# 7. ПЛАН ЗА АКЦИЈА

- **Образование**
- **Вработување**
- **Домување**
- **Здравство**

## ***Образование***

**ПРОГРАМСКА ЦЕЛ 1: Обезбедување на долгорочен и одржлив пристап/решение за целосен опфат на децата роми во претшколско образование на возраст една година пред прво оделение (4.7-5,7)**

| Активности | Очекувани резултати | Индикатори | Рок | Можен имплементатор | Буџет | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | Сума | Можен извор | Коментар |
| ***Краткорочна цел 1.1.*** *Иницијативи за задолжителен опфат на децата во РМ во прешколките установи кои се на возраст помеѓу 4,7 - 5,7 години;* | | | | | | | |
| Подготовка и поднесување иницијативи за задолжителен опфат на децата во РМ во прешколките установи кои се на возраст помеѓу 4,7 - 5,7 години; | Подготвени и поднесени иницијативи до МТСП и МОН за задолжителен опфат на децата во РМ во прешколките установи кои се на возраст помеѓу 4,7 - 5,7 години; | Подготвени и поднесени иницијативи во предвидениот рок | 2013г | НВО<br>РИЦ | | | |
| ***Краткорочна цел 1.2.*** *Обезбедување на услови и можности за мотивирање на Ромските семејства за можностите и придобивките од вклучување на нивните деца во претшколско образование;* | | | | | | | |
| Организирање на 1 кампања на годишно | Обезбедени услови и информирани | -Број на организирани | Континуирано во приодот | НВО<br>РИЦ | | | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ниво до крајот на 2015г. со не помалку од 3 настани за информирање на Ромските семејства за можностите и придобивките од вклучување на нивните деца во претшколско образование и мотивирање истите да се вклучат; | најмалку 2/3 од Ромските семејства за можностите и придобивките од вклучување на нивните деца во претшколско образование и мотивирање истите да се вклучат; Организирана кампања | кампањи<br>-Број на активности во рамки на една кампања<br>-Број на вклучени родители Роми во активностите од кампањите<br>-Број на деца вклучени во програмите на градонките на годишно ниво во споредба со податоците од претходната година | 2013 – 2015. | | | | |
| ***Краткорочна цел 1.3.*** *Обезбедување на услови и можности за опфат на минимум 50 % од вкупниот број на Ромски деца кои се на возраст од 3.7 до 4. 7 год.* | | | | | | | |
| Подготовка на проекти и аплицирање заради обезбедување на услови и можности за опфат на минимум 50 % од вкупниот број на ромски деца кои се на возраст од 3.7 до 4. 7 год. | Обезбедени услови и создадени можности за опфат на минимум 50 % од вкупниот број на Ромски деца кои се на возраст од 3.7 до 4.7 год. во предучилишни установи; | -Број на подготвени проекти<br>-Број на аплицирања<br>-Број на деца опфатени во предучилишни установи; | Континуирано на годишно ниво во приодот 2013 – 2015 | ЕЛС<br>НВО<br>РИЦ | | | |
| ***Краткорочна цел 1.4.*** *Подобрување на самодовербата и подигање на свеста за себе и личниот идентитет;* | | | | | | | |
| Креативни тематски работилници за подобрување на самодовербата и подигање на свеста за себе и личниот идентитет на децата | -Организирани најмалку 2 тематски работилници секое полугодие во периодот 2013-2015г.<br>-Опфатени сите деца Роми кои ги | -Број на организирани работилници<br>-Број на опфатени деца<br>-Подобрен успех и комуникација на | Континуирано на годишно ниво во приодот 2013 – 2015 | ЕЛС<br>НВО<br>РИЦ<br><br>МТСП<br><br>Предучилишните | | | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Роми ; | посетуваат предучилишните установи<br>-Подобрена самодоверба и самосвеста за себе како и личниот и колективниот идентитет на децата Роми ; | децата Роми со останатите деца | | установи | | | |
| ***Краткорочна цел 1.5.*** *Подигање на свеста на Ромските семејства за значењето на образованието и нивно информирање и едуцирање за начините и методите на вклучување во образовниот процес на нивните деца;* | | | | | | | |
